# Листа на кандидати за изборна единица 1

13

1



## Проф. д-р **Мирјана Најчевска**

Родена 1956 во Скопје. Доктор по правни науки, редовен професор при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Базичен интерес: човековите права (дискриминација, права на малцински и маргинализирани групи, слобода на мислата и изразувањето, владеење на правото и правна држава), меѓуетнички односи, децентрализација и локална самоуправа. Вклучена во работата на невладини организации и неформални граѓански здружувања (поранешен претседател на Хелсиншкиот комитет за човекови права, и, на Центарот за човекови права и разрешување конфликти). Дел од работата на неколку професионални и експертски тела при ООН, ЕУ и Советот на Европа.

2



## Гога Поп Георгиевски

Роден во Скопје 1982 година. Дипломирал на Универзитетот Проф. Д-р Асен Златаров во Р. Бугарија. Моментално работи како менаџер на странска компанија која се занимава со трговија на материјали за производство на делови и опрема во автомотив индустријата. Општествена одговорност: Дел е од тимот на повеќе иницијативи кои ги помага и логистички и финансиски, иницијатор на Friends to friends иницијативата (концерти кои имаат цел приходот од продадени карти да оди во хуманитарни цели и Твитер иницијативата ТвитерДедоМраз која подели над 10.000 новогодишни подароци на деца од ранливи категории со помош на Твитер заедницата.

3



## Проф. д-р **Мимоза Ристова**

Родена 1963 година во Скопје. Редовен професор на Институтот за Физика при ПМФ-УКИМ. Научник, колумнист, романописец, активист за човекови права и за правата на животните. Била визитинг професор на универзитетите Беркли и Тексас А&М, САД и истражувач во ЦЕРН, Швајцарија.

одлуката е ТВОЈА

13

# Листа на кандидати за изборна единица 1

13

4



## Проф. д-р Александар Китановски

Роден на 1976 година во Скопје. Докторски студии од политички науки. Моментално работи на Универзитетот ДЕУСТО во Билбао, Шпанија.

Истражува во областа на човековите права, демократијата, имиграцијата во ЕУ како и за правото на азил во ЕУ и насекаде низ светот.

5



## Проф. д-р Јасмина Сиљаноска

Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, дипл.инж.арх., родена е 1957 год. во Кичево. Таа е редовен професор на Архитектонскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Има остварено голем број стручно/научни и експертски активности од областа на архитектурата и урбанизмот. Таа е докажан бескомпромисен борец за остварување на највисоките етички и професионални вредности во својата долгогодишна кариера како едукатор.

6



## Давид Тасевски

Психолог, семеен и системски психотерапевт, со магистерски студии на клиничка и советодавна психологија. Извршен директор на Квир центар, и се фокусира на менталното здравје и борбата против дискриминацијата и говорот на омраза кон ЛГБТИ+ луѓето. Има работено на актуелни општествени и системски проблеми, како и на отворање сервиси за граѓаните за помош на маргинализирани групи.

7



## Лолита Чекреџи

Родена 1964 година. Дипломиран математичар-информатичар на УКИМ, Скопје. Работи како надворешен соработник на Совет на Европа - GRECO и CEPEJ за статистичка обработка на податоци. Член на Зонта Интернешнл - Зонта Клуб Скопје и негов претседател 2014-2018.

одлуката е ТВОЈА

13

ТВОЈА

# Листа на кандидати за изборна единица 1

13

8



## Зејнеп Хусејин

Завршила Филолошки факултет при УКИМ, катедра за Турски јазик и книжевност. Член на Здружение на новинари. Овластен преведуваш од македонски на турски и обратно. Вработена во Македонска радио програма на турски јазик како уредник на редакција.

9



## Марија Костовска

Долгогодишно (над 25 години) работно искуство како новинар. Работи во меѓународни непрофитни организации во Македонија и УСА. Таа е истакнат Еко-активист во мрежата организации во земјата, а творец е и на движењето „Скопје бара чист воздух''.

10



## Владимир Куновски

Роден 1977 г. во Скопје. Раководи семеен бизнис 25 години, а активно е вклучен во граѓански акции за промена на системската неправда речиси 9 години.

11



## Д-р Марија Чичева -Алексиќ

Родена е во Скопје, 1965 година. Дипломирала класична филологија. Доктор е по класични науки. Вработена е како научен советник во Институт за старословенска култура во Прилеп, при Универзитетот УКЛО, Битола.

12



## Проф. д-р Илија Тодоровски

Роден е 1952 година во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет на УКИМ, а завршил и Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет. Политиколог-истражувач во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Бил и Декан на Правниот факултет при УКЛО – Битола.

одлуката е ТВОЈА

13

ТВОЈА
ПАРТИЈА

# Листа на кандидати за изборна единица 1

13

13



## Симона Симјаноска Ивановска

Дипломирала финансиски менаџмент при Економскиот факултет, УКИМ. Извршен оперативен директор. Експерт по маркетинг, со искуство од Сопро, Пивара, Шпаркасе, Охридска Банка и друго.

14



## Павле Игновски

Роден и живее во Скопје. Учествува во проектот
Културен центар Мала Станица и потоа се запишува на ФДУ. Работи на независни театарски проекти и учествува во отварањето на Античкиот театар во Охрид. Продуцира тетатарски претстави и кратки филмови а објавува и книгуи за театарот. Се занимава и со маркетинг кампањи (делот на видео продукција). Активно учествува и помага во организирањето на МОТ и фестивалот МакеДокс.

15



## Лидија Дамевска

Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје 1983 година. Специјализирала епидемиологија во 2005, а станала Примариус во 2012 год. Од 2004 до 2020 работи во областа на проценка на ризик во безбедноста на храната.

16



## Мартин Кубелка

Роден 1989. Средно гимназиско образование и СЕМОС ЕДУКАЦИЈА Обуки за ИТ, софтверско тестирање и девелопирање со Пајтон. Инженер по софтверски тестирање - SYMPHONY SOLUTIONS со искуство во поддршка на организацијата на сите нивоа, поставување на распореди и рокови во циклус на развој на апликации.

одлуката е
ТВОЈА

13

ТВОЈА
ПАРТИЈА

ТВОЈА

# Листа на кандидати за изборна единица 1

13

17



## Ѓело Ѓошев

Роден 1967 година во Велес. Моментално невработен, корисник на социјална помош.

18



## Марко Дамевски

Роден 1976 година во Скопје. Основно образоване учел во Белград и Скопје, а средно образование во Скопје и во Сијетл, САД. Има завршено високо образование и над 23 годишно работно искуство во областа на финансиите, банки и осигурителни компании.

19



## Јован Стефанов

Роден 1979 во Гевгелија. Завршил физикална медицина во средното училиште Димитрија Чуповски и работи како физиотерапевт. Димитрија Чуповски ~физикална медицина Читањето книги, пишувањето и музиката му се пасија.

20



## Светлана Томиќ Дукоска

Родена 1960 година. Завршила Фармацевтски факултет при УКИМ. Магистер од технички науки. До пензионирање вработена во РЕПЛЕК ФАРМ, Скопје, на позиција координатор за обезбедување квалитет.

одлуката е ТВОЈА

13

ТВОЈА